Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број.04 - 5 /34(21)
Дата: 22 /04 / 2021, Скопје

Врз основа на член 20 – г став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/2014, 27/14, 199/14, 27/16, 98/18, и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19, 275/19 и 14/20), член 22 став (1) алинеја 1 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија"бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/16, 120/18, и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), член 74 и 75 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/18, "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 317/20), Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за вработување на 3 (три) лица во Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање на неопределено време

Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање објавува јавен оглас за вработување на 3 (три) лица на неопределено време на следните позиции:

1. Раководител на Одделение за управување со податоци – финансиски разузнавач, во Секторот за информатичка технологија и управување со податоци, шифра УФР 02 10 А03 001 1 (еден) извршител;
2. Виш разузнавач за мрежно поврзување во Одделението за информатичка технологија, во Секторот за информатичка технологија и управување со податоци, шифра УФР 02 10 Б02 001 1 (еден) извршител;
3. Помлад разузнавач за анализа во Одделението спречување на финансирање на тероризам, во Секторот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, шифра УФР 02 10 Б04 001 1 (еден) извршител;


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ТИ кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Управата за финансиско разузнавање:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е психофизички здраво (способно) и со предиспозиции за вршење на работите на финансиски разузнавач (потврда издадена од страна на определена здравствена установа);
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

За работното место под реден број 1, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните меса во Управата за финансиско разузнавање:

- да има завршено VI A степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и тоа:
- Компјутерска техника и информатика или Електротехника или Правни науки;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- најмалку 5 (пет) години работно искуство во струката;
- да има активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски).

За работното место под реден број 2, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните меса во Управата за финансиско разузнавање:

- да има завршено VI Б степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и тоа:
- Компјутерска техника и информатика или Електротехника или Економски науки;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- најмалку 2 (две) години работно искуство во струката:
- да има активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски)


Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ти кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

За работното место под реден број 3, кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните меса во Управата за финансиско разузнавање:

- да има завршено VI Б степен според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или вишо образование и тоа:
- Економски науки или Правни науки или Организациони науки и управување (менаџмент);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- со или без работно искуство во струката;
- да има активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски)

Потребни општи работни компетенции на основно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- финансиско управување.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Пријавата за вработување треба да содржи:

- податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса на живеење, електронска адреса на кандидатот, телефон за контакт, припадност на заедница), како и кратко мотивациско писмо
- кратка биографија
- изјава за исполнување на општите услови за работното место (за секој услов одделно)
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место (за секој услов одделно).

Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена кај нотар и тоа:

- доказ за државјанство;
- доказ дека не им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;
- уверение/ диплома за завршен степен на образование;
- потврда издадена од страна на определена здравствена установа;
- доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски);
- кратко писмо;
- писмо за мотивација.

Распоред на работното време:

- работни часови во неделата: 40;
- работно време од понеделник до петок, со почеток меѓу 7:30-8:30 часот и крај на работно време меѓу 15:30 - 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето плата за работното место под реден број 1 (еден) изнесува 35 467,00 денари.
Паричниот износ на основната нето плата за работното места под реден број 2 (два) изнесува 29 122, 00 денари.
Паричниот износ на основната нето плата за работното место под реден број 3 (три) изнесува 26 267,00 денари.

Напомена: предвидените вработувања согласно годишниот план за вработување на Управата за финансиско разузнавање за 2020 година се:

- за работно место под бр. 1 Турчин (ка)
- за работно место под бр. 2 Албанец (ка)
- за работно место под бр. 3 Албанец (ка)

Спроведувањето на постапката за избор на кандидатите ќе се врши преку административна селекција (проверка на внесените податоци во пријавата), писмен испит и интервју.

Рокот за доставување на пријавата со потребните документи изнесува 10 (десет) дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.


Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ти кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Пријавата со потребната документација треба да се достави непосредно до архивата на Управата за финансиско разузнавање на ул. Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, кат 6 Скопје (со назнака “за оглас за вработување”).
Телефон за контакт: 3297 540
Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Директор
Блажо Трендафилов